

ИЗДАНИЕ БР.34 МЕСЕЦ
СЕПТЕМВРИ И ОКТОМВРИ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ АСФАЛТИРАШЕ ИГРАЛИШТЕТО ВО ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ "ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ВО С.СОПОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ А СЕ АСФАЛТИРА ПОВРШИНА ОД 1500 МЕТРИ КВАДРАТНИ.






КОНТИНУИРАНО СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА СИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОСЕБНО ПЕРИОДОТ НА БЕРБА НА ГРОЗЈЕ. СЕ САНИРАШЕ ПАТОТ ОД ИНДУСТРИСКА ЗОНА , ФАБРИКАТА ДРЕКСЛЕР МАЈЕР ДО С.МАРЕНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ТАМПОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.БРАЌА ХАЏИ-ТЕФОВИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ А СЕ ТАМПОНИРА ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 50 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



СЕ ЗАПОЧНА СО ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ДВА КРАКА ОД УЛ.БЛАЖО АЛЕКСОВ. ЌЕ СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН ПЛОЧКИ СО ДЕБЕЛИНА ОД 8СМ И ПОВРШИНА ОД 1000М2. ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ГРАДБА ПРОМЕТ, ДЕНЕС ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА НЕКОЛКУ УЛИЦИ ВО С.СОПОТ. ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1500 МЕТРИ КВАДРАТНИ.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЛ.ЦАНО ПОП-РИСТОВ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД ОД КАВАДРАЦИ.



ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 45 ГОДИНИ ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈАТА БЕШЕ ПРОМОВИРАНА ФОТОМОНОГРАФИЈАТА „45 ГОДИНИ ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ – ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ – АКТИВНОСТИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ (2017-2021)".

БЕВМЕ ПОЧЕСТЕНИ СО ПРИСУСТВОТО НА ГРАДОНАЧАЛНИК М-Р МИТКО ЈАНЧЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Г-ДИН РИСТО САКАЛИЕВ, ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДИРЕКТОРИ НА ИНСТИТУЦИИ ОД КУЛТУРАТА И ДРУГИ ГОСТИ. ПРЕД ПРИСУТНИТЕ И МЕДИУМИТЕ СВОЕ ОБРАЌАЊЕ ИМАШЕ ДИРЕКТОРКАТА НА МУЗЕЈОТ КУСТОС-СОВЕТНИК ВЕСНАЃОРЃИЕВА, КАКО И СИТЕ КУСТОСИ ВРАБОТЕНИ ВО МУЗЕЈОТ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД АДМИНИСТРАТИВНИОТ СЕКТОР.ВО ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е СТАВЕН АКЦЕНТ НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ (2017-2021) И ПРЕТСТАВУВА СУБЛИМАТ НА ЕДНА УСПЕШНА ПРИКАЗНА ВО КОЈА ГЛАВЕН ЛИК Е МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈАТА.

МУЗЕЈ – ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ Е ИНСТИТУЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ОСНОВАНА ВО 1973 ГОДИНА, СО РАБОТА ОТПОЧНУВА ВО 1976 ГОДИНА И АКТИВНО ОПСТОЈУВА ДО ДЕНЕС КАКО ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ. ОСНОВНА ЗАДАЧА Е ДА ПРИБИРА, ИСТРАЖУВА, СТРУЧНО И НАУЧНО ОБРАБОТУВА, ЗАШТИТУВА И ПРЕЗЕНТИРА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ НА МУЗЕЈСКАТА ДЕЈНОСТ.

КАКО ОПШТ И НЕПРОФИТАБИЛЕН МУЗЕЈ ВО НЕГО ДЕЛУВААТ: АРХЕОЛОШКО, ИСТОРИСКО, ЕТНОЛОШКО, ГАЛЕРИСКО И ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ, ТРАНСФОРМИРАНИ ВО СТРУЧНА СЛУЖБА ВО МЕСЕЦ АВГУСТ 2020 ГОДИНА.

МУЗЕЈ - ГАЛЕРИЈАТА Е ИНСТИТУЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР КОЈА ПОКРАЈ ОСНОВНАТА ИНСТИТУЦИЈА РАСПОЛАГА И СО ДВА ДЕПАНДАНТИ: СПОМЕН КУЌАТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР ВО С. ВАТАША И МУЗЕЈ НА МИРИС И ВКУС, ОТВОРЕН 2013 ГОДИНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК НА ВЧЕРАШНИОТ ДЕН 07.09.2021 СЕ ОДРЖА ОБУКА НА ВОЛОНТЕРИТЕ НА БАНКА ЗА ХРАНА МК-КАВАДАРЦИ АНГАЖИРАНИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ / MUNICIPALITY OF KAVADARCI ПРЕКУ ГРАНТ НА УНДП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА РАБОТА-ДОСТАВА НА ХРАНА ДО ФАМИЛИИТЕ СО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК.НА ВОЛОНТЕРИТЕ ЌЕ ИМ БИДАТ ИЗВРШЕНИ УШТЕ НЕКОЛКУ ОБУКИ СО ЦЕЛ ПОЕФЕКТИВНО ВОЛОНТИРАЊЕ ВО СКЛОП НА БХМК-КАВАДАРЦИ.ЌЕ ИМ БИДАТ ОБЈАСНЕТИ И ЦЕЛИТЕ И ПРИНЦИПИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕ ЗА НИВНА ПОГОЛЕМА ЕФИКАСНОСТ КАКО И ЕДНА ФИНАЛНА ОБУКА ОД WSS EFFECT - БАНКА ЗА ХРАНА МК HRANA ZA SITE- BANKA ZA HRANA MAKEDONIJA.









ИЗГРАДЕН Е ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.ПЕЛИСТЕРСКА. ПОТПОРНИОТ ЅИД Е СО ДОЛЖИНА ОД 11,5 МЕТРИ И Е ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ИЗГРАДБА НА УШТЕ ЕДЕН ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.М.Ц.ЦИКОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ВАЛАСКИ ГРАДБА А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е 462477 ДЕНАРИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН, СЕ ВРШИ ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛ.25ТИ МАЈ. КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ Е И ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ А ДОГОВОРОТ Е СО ВРЕДНОСТ ОД 4 008 236 ДЕНАРИ.



СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ УЛИЦИ ВО С.БОХУЛА СО ПОВРШИНА ОД 450 МЕТРИ КВАДРАТНИ. СОГЛАСНО ОВОЈ ДОГОВОР ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО С.ЧЕМЕРСКО И С.КРЊЕВО. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 2 166 480 ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ МИТКО ЈАНЧЕВ ДАДЕ ОТЧЕТ ЗА СРАБОТЕНОТО ВО ЧЕТИРИ ГОДИШНИОТ МАНДАТ. СЕ ОСВРНА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ, ПРОЕКТИ ОД КАПИТАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА. ВО ОТЧЕТОТ Е НАВЕДЕН ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ИЗГРАДБАТА НА ЗЕЛЕН ПАЗАР, РЕКОНСТРУИРАНИ И ИЗГРАДЕНИ НОВИ УЛИЦИ, ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА. ВО ИЗМИНАТИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ КОНТИНУИРАНО СЕ БЕЛЕЖИ ЗГОЛЕУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ И НИВНА ВИСОКА РЕАЛИЗАЦИЈА.

-СО ПРОГРЕСИВЕН РАЗВОЈ И НАПРЕДОК СТИГНАВМЕ ДО ПРВО МЕСТО, БЛАГОДАРЕНИЕ НА ДОМАЌИНСКОТО РАБОТЕЊЕ, ИСТАКНА ЈАНЧЕВ.

СЕ ОТПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. "ПИОНЕРСКА" КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
ИСТАТА Е СО ДОЛЖИНА ОД 440М, И ПОВРШИНА ОД 3300М2.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.РЕСАВСКА ВО СКЛОП НА НОВАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ДРВО ПРОМ А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 1 600 000 ДЕНАРИ. ПОТПОРНИОТ ЅИД Е СО ДОЛЖИНА ОД 40 МЕТРИ И ВИСИНА 4 МЕТРИ.



ВО ЧЕТВРТОКОТ, НА 16 АВГУСТ 2021, ВО МЕСНОСТА "12 ДРУГАРИ", МОКЛИШТЕ, БЕШЕ ОДДРЖАН ПОСЛЕДНИОТ НАСТАН ВО РАМКИТЕ НА "КАВАДАРЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2021". УЧЕСТВУВАА АКТЕРИ ОД ТЕАТАРОТ ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ И ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ "ТИКВЕШ" КОЈ РАБОТИ ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО ТЕКОТ НА ВЧЕРАШНИОТ И ДЕНЕШНИОТ ДЕН, ДЕЛ ОД ТИМОТ И ВОЛОНТЕРИТЕ НА BANKA ZA HRANA MK -KAVADARCI ПОДИГНАА ДОНАЦИИ СО ХРАНА ОД НАШИ ВЕРНИ ПАРТНЕРИ КОИ РЕДОВНО УЧЕСТВУВААТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ГЛАДОТ И СИРОМАШТИЈАТА... НЕИЗМЕРНА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ХУМАНОСТА НА ДЕЛО МИН-ЕКС МАРКЕТИ KAV-KOMERC DOOEL CODEX COMPUTERS HRANA ZA SITE-BANKA ZA HRANA MAKEDONIJA ОПШТИНА КАВАДАРЦИ / MUNICIPALITY OF KAVADARCI.

ЗАПОЧНА РЕДОВНА, ВТОРА, ДЕРАТИЗАЦИЈА ПРОТИВ ГЛОДАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОЕКТОТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА МЕСНОСТА РЕСАВСКИ ЗАЛИВ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО. ДОСЕГА СО ВОДОМЕР СЕ ПРИКЛУЧЕНИ 41 КОРИСНИК ОД ПЛАНИРАНИТЕ 48 КОРИСНИЦИ.





СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА 8 ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ И ТОА 4 НА УЛ.СТРАШО ПИНЏУР ВО С.ВАТАША, 2 НА УЛ.ЌИРО КРСТЕВ И 2 ВО С.МАРЕНА. ИСТИТЕ СРЕДСТВА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ПРЕТХОДНО СЕ ОЗНАЧЕНИ СО СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ. ПЛАНИРАНО Е ДА СЕ ИСКОРИСТАТ 62 ТОНИ АСВАЛТ. ИЗВЕДУВАЧ НА ОВИЕ АКТИВНОСТИ Е ФИРМАТА ОСД КИРИЛ ОД СКОПЈЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕН 2 ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ „ART FOR SOCIAL CHANGE". ПРОЕКТОТ Е ЗА РАЗМЕНА НА МЕТОДОЛОГИИ ПОМЕЃУ ТРИ ОРГАНИЗАЦИИ, ОД КОИ МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА КРЕАКТИВ КАВАДАРЦИ Е ПАРТНЕР ОД МАКЕДОНИЈА. МЛАДИТЕ ОД КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО МЛАДИ И МЛАДИНСКИ РАБОТНИЦИ ОД ГЕРМАНИЈА И БЕЛГИЈА ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНА ЌЕ ПОСЕТУВААТ РАБОТИЛНИЦИ ЗА КРАТОК ФИЛМ, А НА КРАЈ ЌЕ ИЗРАБОТАТ ДВА КРАТКИ ФИЛМОВИ.



СО НОВИ СОДРЖИНИ Е ЗБОГАТЕН ПРОЕКТОТ ВИРТУЕЛЕН МУЗЕЈ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН. СЕКОЈ ПОСЕТИТЕЛ НА КАВАДАРЦИ И ОКОЛИНАТА ИМА МОЖНОСТ ДА НАПРАВИ ВИРТУЕЛНА ПРОШЕТКА ПО ГРАДОТ, ОКОЛНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО КУЛТУРНО ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ТИКВЕШКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ ЈА ДОБИЈА СВОЈАТА ВИНОТЕКА. ПУШТЕНИ ВО РАБОТА ПРОСТОРИИТЕ КАДЕ СЕ ИЗЛОЖЕНИ ВИНА ОД НАД 20 ВИНАРИИ ОД ОПШТИНАТА.

- “ПОЧИТУВАНИ ПРЕД СЕ, ДА ВИ ГО ЧЕСТИТАМ ДЕНЕШНИОТ ДЕН 7МИ СЕПТЕМВРИ ,ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ”, ДА НИ Е ВЕЧНО, ВЕКОВИТО И ЗАСЕКОГАШ ДА НИ БИДЕ СЛОБОДН ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ! НА МОЈА ИНИЦИЈАТИВА ЗАЕДНО СО СЕМЕЈНИТЕ ВИНАРИИ И СО ПОДДРШКА ОД СОВЕТОТ, СО ПОДДРШКА ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЕНОЛОЗИ УСПЕАВМЕ ДА ДОЈДЕМЕ ДО ОВАА ИДЕЈА,ЗАЕДНИЧКИ ДА ЈА ПОДРРЖИМЕ ДА НАПРАВИМЕ ЕДНО КАТЧЕ НАРЕЧЕНО ВИНОТЕКА, ЗА СЕМЕЈНИ МАЛИ ВИНАРИИ, КАДЕ ШТО ЌЕ ИМААТ СВОЈ ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР, СВОЈ ПРОСТОР ЗА ЕНОЛОЗИТЕ КАДЕ ШТО ЌЕ МОЖАТ СТРУЧНОТО ЗНАЕЊЕ ДА ГО ПРЕНЕСУВААТ И НА САМИТЕ ВИНАРИИ, МЕЃУТОА И НА САМИТЕ НАШИ ГРАЃАНИ КОИ ЌЕ МОЖАТ ТУКА ДА ДОАЃААТ ВО ОДРЕДЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ, ДА СЕ ЗАПОЗНААВААТ СО НАШИТЕ ТРАДИЦИИ И НАШИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ.
ЗА ПРВПАТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОТВАРА ВАКВА ВИНОТЕКА,А МОЈА ЗАМИСЛА Е ТУКА ДА НЕ ЗАСТАНАМЕ, ЗАЕДНО СО СЕМЕЈНИТЕ ВИНАРИИ ИМАМЕ РЕГИСТРИРАНО ПОВЕЌЕ ОД 20 СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ, ДА НИ СЕ МНОЖАТ И ДА МОЖЕМЕ ДА СТИГНЕМЕ СО 2 ДО 3 ПРОСТОРИИ ВО ДЕЛОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАДЕ ШТО ТУКА ЌЕ МОЖАТ СИТЕ СОГРАЃАНИ, ГОСТИ, НАШИ ПРИЈАТЕЛИ ДА СЕ ЗАПОЗНАВААТ СО ИСТИТЕ, СО НАШАТА ТРАДИЦИЈА, СО НАШЕТО ВИНО , МЕЃУТОА И ЌЕ МОЖАТ И КОМЕРЦИЈАЛНО ДА СИ КУПУВААТ ЗА НИВНА ПОТРЕБА.САКАМ ДА ИМ ГО ЧЕСТИТАМ ОБЈЕКТОТ НА СЕМЕЈНИТЕ ВИНАРИИ , НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЕНОЛОЗИ И МИСЛАМ ДЕКА ОВА Е ВИСТИНСКИОТ ПРАВЕЦ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ОДНОСНО ВИНАРСТВО.“ – ИЗЈАВИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



## ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ ОДБЕЛЕЖА ЕДНА ГОДИНА ПОСТОЕЊЕ



“ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО Е ДА СУМ ТУКА ПРЕД ВАС,ПРЕД МОИТЕ СОГРАЃАНИ,КАВАДАРЧАНИ, И ЛУЃЕ ОД ОКОЛИНАТА. ДА ГО ПРОСЛАВИМЕ ОВОЈ ДЕН, ГОДИШНИНА ОД ОТВАРАЊЕТО НА ВИНСКИОТ ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ.ИМАМЕ КАКО ШТО КАЖА И ДИРЕКТОРКАТА ПОВЕЌЕ ОД 20 НАСТАНИ, ПОВЕЌЕ ОД 4.000 ПОСЕТИТЕЛИ, И ТОА ВО КОВИД ПАНДЕМИЈА, ШТО ЈАС ЛИЧНО ОЧЕКУВАМ ДЕКА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ИСТАТА И ОЛАБАВУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ОВА ДА БИДЕ УШТЕ ПОМАСОВНО, ОВДЕ ИМАМЕ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ, УМЕТНИЧКИ ДЕЛА,ИМАМЕ ЕДЕН МУЗЕЈ КАДЕ ШТО ИМА ПОЧЕТОК, А НЕМА КРАЈ. ПОЧЕТОКОТ ПОЧНА ПРЕД 1 ГОДИНА, ЈАС СУМ СИГУРЕН ДЕКА ОВИЕ ВЕСЕЛИ ЛИЦА ТУКА,ПОЧИТУВАНИ МОИ СОГРАЃАНИ КОИ ГИ ГЛЕДАМ, КОИ СЕ ЉУБИТЕЛИ И ДЕЛ ОД СОЗДАВАЊЕТО НА ВИНАРСТВОТО И ЛОЗАРСТВОТО ВО КАВАДАРЦИ, ДЕКА ЗАДОВОЛСТВОТО Е И НА НИВНА СТРАНА. ИСТО ТАКА СУМ ПРЕМНОГУ ЗАДОВОЛЕН ВО ДЕЛОТ НА МЕНАЏИРАЊЕТО НА ОВОЈ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ВО ДЕЛОТ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ПОЧИТУВАНАТА ДИРЕКТОРКА ЧЕСТОЕВА, КОЈА ШТО УПОРНО И НАПОРНО ЗАЕДНО СО НЕЈЗИНИОТ ТИМ И СО ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА УСПЕВА ДА ОРГАНИЗИРА МАНИФЕСТАЦИИ ЗА ДА ОВА БИДЕ КАТЧЕ КАКВО ШТО ЗАСЛУЖУВААТ НАШИТЕ ГРАЃАНИ.“ – ИЗЈАВИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





## СВЕЧЕНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПО ПОВОД 77 ГОДИНИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ, КАКО И СЕКОЈА ГОДИНА ТАКА И ОВАА ИМАШЕ СВЕЧЕНА СЕДНИЦА, ПОСВЕТЕНА НА ПРАЗНИКОТ НА ГРАДОТ, И НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА 7МО СЕПТЕМВРИ-СКА НАГРАДА, НАЈВИСОКОТО ОПШТИНСКО ПРИЗНАНИЕ ПРЕКУ КОЕ ГРАДОТ НА СВОИТЕ СОГРАЃАНИ САКА ДА ИМ ПОКАЖИ ДЕКА ЈА ЦЕНИ НИВНАТА РАБОТА,ТРУД И ЗНАЕЊЕ.

СВЕЧЕНО ПРИЗНАНИЕ ДОБИЈА:

БОРЧЕ СТАМЕНОВ

ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ

ЛУКАС МИРИНГЕР

ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ









# НАСТАН





30 -ТО МОТО РЕЛИ "НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА".

ТРАДИЦИОНАЛНО СЕКОЈА ГОДИНА МОТОРЏИИТЕ ПРИСТИГНУВААТ ВО КАВАДАРЦИ. НА СРЕДБАТА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МОТО ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗОРАН ТРАЈКОВСКИ ИМ ПОСАКАВ БЕЗБЕДНО ДА ГО ПРОДОЛЖАТ РЕЛИТО. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕКОЈА ГОДИНА Е ПОДДРШКА НА МОТО РЕЛИТО СО ОБРОК ЗА МОТОРЏИИ.



СО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СПОНЗОРСТВО ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ Е НОВИОТ СПОНЗОР НА ГРАДСКИОТ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИКВЕШ И ГРАДСКИОТ РАКОМЕТЕН КЛУБ ТИКВЕШ. ДОГОВОРИТЕ СЕ ВО ВРЕДНОСТ ОД 30.000 И 15.000 ЕВРА И ЈА ОПФАЌААТ СЕЗОНАТА 2021/22 ГОДИНА. СО ОВИЕ ДВА ДОГОВОРИ, КАВАДАРЕЧКАТА КОМПАНИЈА Е АКТИВЕН СПОНЗОР НА ТРИ ЛОКАЛНИ КЛУБА ВО ТРИ РАЗЛИЧНИ СПОРТА, ЗАЕДНО СО КОШАРКАРСКИОТ КЛУБ ЕУРОНИКЕЛ КОЈШТО Е ВО ЦЕЛОСТ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА КОМПАНИЈАТА.

„ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОВИЕ ДОГОВОРИ Е ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА НАШАТА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ КАДЕ ПОДДРШКА И ПРОМОВИРАЊЕ НА СПОРТОТ Е ЕДЕН ОД ГЛАВНИТЕ СЕГМЕНТИ И ОБЛАСТ КАДЕ КОНТИНУИРАНО ВЛОЖУВАМЕ. ВЕРУВАМЕ ДЕКА ПОДИГНУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА КУЛТУРА Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖНО ЗА МЛАДИТЕ, А ТОА НАЈДОБРО СЕ ПОСТИГНУВА ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ СИЛНИ И УСПЕШНИ ЛОКАЛНИ КЛУБОВИ. ЗАТОА ЦЕЛТА НА НАШАТА ПОДДРШКА Е ДА ПОМОГНЕМЕ РАКОМЕТНИОТ КЛУБ ТИКВЕШ И ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ ТИКВЕШ ДА СТАНАТ ГРАДСКИТЕ СПОРТСКИ ХЕРОИ, ПРИМЕР И МОТИВ ЗА МЛАДИТЕ, ИСТО КАКО ШТО ВЕРУВАМ ТОА СЕ СЕГА КОШАРКАРИТЕ НА ЕУРОНИКЕЛ КОИ СЕ МИНАТОГОДИШНИ ВИЦЕШАМПИОНИ, А И ПРОДОЛЖУВАМЕ И ПОНАТАМУ ДА ЦЕЛИМЕ КОН ШАМПИОНСКАТА ТИТУЛА", ИЗЈАВИ АНДРЕАС ЦАГАРИС ДИРЕКТОР НА ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ.

„ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ ТИКВЕШ ИМА ГОЛЕМА ВРЕДНОСТ ЗА ГРАДОТ И СО СВОИТЕ УСПЕШНИ НАСТАПИ ЈА ИСПИШУВА ФУДБАЛСКАТА ИСТОРИЈА НА ГРАДОТ. СО ОВАА СОРАБОТКА И ПОТПИШАНИОТ ДОГОВОР, ДОБИВАМЕ ПАРТНЕР КОЈ ГИ ПОДДРЖУВА ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЈА ДЕЛИМЕ ИСТАТА ЦЕЛ, ДА БИДЕМЕ ПОДОБРИ И ПОУСПЕШНИ ВО СВОЕТО ПОЛЕ. ИСКЛУЧИТЕЛНО СМЕ СРЕЌНИ ШТО КОМПАНИЈА КАКО ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ЗАСТАНУВА ЗАД НАС И ТОА ЌЕ НИ ДАДЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ПОТТИК ЗА ПОНАТАМОШНИ УСПЕСИ И УШТЕ ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ", ИСТАКНА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФК ТИКВЕШ МИЛЕ МАСЛАРКОВ.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, КОЈ ОБЕЗБЕДУВА СИЛНА ОПШТИНСКА ПОДРШКА НА КЛУБОВИТЕ, ИСТО ТАКА ЈА ИСТАКНА СВОЈАТА БЛАГОДАРНОСТ КОН ЕУРОНИКЕЛ, И ПОРАЧА ДЕКА ШТО ПОВЕЌЕ КОМПАНИИ ТРЕБА ДА ГО СЛЕДАТ ОВОЈ ПРИМЕР, НА ТОЈ НАЧИН ПРИДОНЕСУВАЈЌИ КОН ЗБОГАТУВАЊЕ НА СПОРТСКИОТ ЖИВОТ ВО КАВАДАРЦИ.






Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk